**1607.**

Врз основа на членовите 158-ѕ точка 1) и член 74 точка 6) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019 и 31/2020), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 9.5.2022 година донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОВИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СРЕДСТВАТА КОИ ГИ ПОКРИВААТ ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ И СРЕДСТВАТА КОИ ЈА ПОКРИВААТ МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА, КАКО И ДЕТАЛНО ПЛАСИРАЊЕ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ТИЕ ВЛОЖУВАЊА И НИВНО ВРЕДНУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2011, 127/2014, 61/2016, 36/2019) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/2020) членот 1 се менува и гласи:

„Со овој правилник се пропишуваат правила во врска со средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување на друштвата за осигурување, односно друштвата за реосигурување (во натамошниот текст: друштво за осигурување), согласно членовите од 88 до 98 од Законот за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Законот), и тоа:

- основни принципи на вложувањето,
- интерни акти за вложување,
- видови и карактеристики на дозволените вложувања,
- правила за дисперзија (локализација) и ограничување на вложувањата,
- вреднување на средствата,
- форма и содржина на извештаите кои друштвата за осигурување ги составуваат за известување, и
- начини и рокови на известување на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата).”

Член 2

(1) Во член 3 во ставот (2) зборот “друштвата” се заменува со зборот “друштвото” а зборот “спроведуваат” се заменува со зборот “спроведува”.

(2) Во ставот (3) зборот “друштвата” се заменува со зборот “друштвото”.

Член 3

(1) Во член 4 ставот (2) се менува и гласи:

“Покрај одредбите од став (1) на овој член, а во согласност со одредбите од член 88 став (1) точка 16) од Законот, за дозволени средства кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на друштвото за осигурување се сметаат и дадените аванси во висина на откупната вредност на полисата за осигурување на живот, и тоа најмногу до 20% од нето вредноста на математичката резерва.”

(2) Ставовите (3) и (4) се бришат.

(3) Ставот (5) кој станува став (3) се менува и гласи:

“При вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва, друштвата за осигурување се должни да ги почитуваат ограничувањата предвидени во Законот и овој правилник.”

Член 4

Во членовите 5, 6, 8, 10 и 11 зборовите: “Република Македонија” се заменуваат со зборовите: “Република Северна Македонија”.

Член 5

Во член 13 во точката а) зборовите: “^аа!" се заменуваат со зборовите: „Ваа1".

Член 6

Во член 14 во точката б) зборот "седиштетот" се заменува со зборот "седиштето".

Член 7

(1) Во член 16 во ставот (1) зборот "Друштвата" се заменува со зборот "Друштвото", а зборот "користат" се заменува со зборот "користи" .

(2) Во ставот (3) по зборот "Друштвото" се додаваат зборовите: "за осигурување".

Член 8

По членот 17 се додава нов дел "VII Извештаи" и нов член 18, кој гласи:

"(1) Друштвото за осигурување е должно да ги составува следните квартални извештаи:

1. Извештај за вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви (ВТР), и

2. Извештај за вложување на средствата кои ја покриваат математичката резерва (ВМР).

(2) Друштвото за осигурување е должно да ги составува извештаите наведени во став (1) од овој член согласно формата и содржината на истите, пропишана со обрасците ВТР и ВМР, кои се дадени во Прилог 1 од овој правилник и се негов составен дел.

(3) Во случај кога друштвото за осигурување формира неколку фондови на средства кои ја покриваат математичката резерва, друштвото за осигурување има обврска да ја известува Агенцијата поединечно за вложувањата кои ја покриваат математичката резерва за секој фонд одделно, со тоа што секој образец ВМР ќе биде проследен со нумерички број (ВМР-1, ВМР-2 итн.).

(4) Друштвото за осигурување е должно да ги составува извештаите наведени во став (1) од овој член согласно Упатството за пополнување на извештаите за вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва, кои се дадени во Прилог 2 од овој правилник и се негов составен дел.

(5) Сите износи во извештаите се изразуваат во македонски денари."

Член 9

(1) Делот "VII Начин и рокови за известување" станува дел "VIII Начин и рокови за известување".

(2) Во членот 18 кој станува член 19, ставот (1) се брише.

(3) Ставот (2) кој станува став (1) се менува и гласи:

" Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата да ги достави извештаите од член 18 став (1) од овој правилник со состојба на 31 март (прв квартал), 30 јуни (втор квартал), 30 септември (трет квартал) и 31 декември од тековната година (четврт квартал), најдоцна во рок од 30 дена од завршувањето на кварталот за кој се однесува известувањето.".

(4) Ставот (3) станува став (2).

(5) Во ставот (4 ) кој станува став (3) зборот "МТР" се заменува со зборот "ВМР".

(6) Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (4) и (5).

Член 10

Обрасците ВТР и ВМР кои се прилог на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва се заменуваат со Прилог 1 и Прилог 2 кои се дадени во прилог на овој правилник и се негов составен дел.

Преодни и завршни одредби

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" а ќе започне да се применува при изготвување на известувањето за видовите на вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва со состојба на 30 јуни 2022 година.

| | |
|---|---|
| Бр.01-365/1 | Совет на експерти |
| 9 мај 2022 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски**,с.р. |

**ПРИЛОГ 1**

**Извештај за вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви - Образец ВТР**

(назив на друштво)
(период)
(тековна година)

ВТР: Вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви

МКД

| | Број | Дозволен % | Остварен износ | | | Остварен % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ВТР | Вкупно ВМР | ВТР + Вкупно ВМР | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Видови дозволени вложувања | I | | | | | |
| Парични средства во благајна и средства на банкарските сметки | I1 | 3% | | | 0 | 0,0% |
| Депозити во банки ко имаат дозвола издадена од НБРСМ | I2 | 60% | | | 0 | 0,0% |
| | I3 | | | | | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии за кои гарантира РСМ | I4 | 80% | | | 0 | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии од вредност кои ги издаваат или за кои гарантираат единиците на локалната самоуправа на РСМ | I5 | 10% | | | 0 | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РСМ | I6 | 35% | | | 0 | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РСМ | I7 | 5% | | | 0 | 0,0% |
| Акции со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РСМ | I8 | 25% | | | 0 | 0,0% |
| Акции со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РСМ | I9 | 5% | | | 0 | 0,0% |
| Удели во трговски друштва во РСМ | I10 | 5% | | | 0 | 0,0% |
| Удели и акции на инвестициски фондови кои се регистрирани во РСМ | I11 | 20% | | | 0 | 0,0% |
| Долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД | I12 | | | | 0 | 0,0% |
| Долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е странски правен субјект од земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД | I13 | 20% | | | 0 | 0,0% |
| Акции чиј издавач е странско акционерско друштво со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земјите членки на ЕУ или земјите членки на ОЕЦД | I14 | | | | 0 | 0,0% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Удели на инвестициски фондови со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД | I15 | | | | 0 | 0,0% |
| Друг вид на вложување согласно правилата на АСО, под услов тоа да не е во спротивност со став (2) од член 89 од ЗСО | I16 | | | | 0 | 0,0% |
| **Вложувања кои не се предвидени со Правилникот** | **II** | | | | **0** | **0,0%** |

| Ставка | Број | |
|---|---|---|
| | | 6 |
| Вкупно дозволени вложувања на средства кои ги покриваат техничките резерви | **III** | 0 |
| Вкупно нето технички резерви | **IV** | 0 |
| Резерви за преносни премии | IV1 | |
| Резерви за бонуси и попусти | IV2 | |
| Резерви за штети | IV3 | |
| Други технички резерви | IV4 | |
| Еквилизациона резерва | IV5 | |
| Математичка резерва | IV6 | |
| Разлика (IV-III) | **V** | 0 |

**Извештај за вложување на средствата кои ја покриваат математичката резерва - Образец ВМР**

(назив на друштво)
(период)
(тековна година)

ВМР: Вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва

МКД

| | Број | Дозволен % (или износ) | Остварен износ | Остварен % |
|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 |
| Видови дозволени вложувања | I | | | |
| Парични средства во благајна и средства на банкарските сметки | I1 | 3% | | 0,0% |
| Депозити во банки ко имаат дозвола издадена од НБРСМ | I2 | 60% | | 0,0% |
| | I3 | | | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии за кои гарантира РСМ | I4 | 80% | | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии од вредност кои ги издаваат или за кои гарантираат единиците на локалната самоуправа на РСМ | I5 | 10% | | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РСМ | I6 | 35% | | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РСМ | I7 | 5% | | 0,0% |
| Акции со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РСМ | I8 | 25% | | 0,0% |
| Акции со кои не се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност, ако нивен издавач е правно лице со седиште во РСМ | I9 | 5% | | 0,0% |
| Удели во трговски друштва во РСМ | I10 | 5% | | 0,0% |
| Удели и акции на инвестициски фондови кои се регистрирани во РСМ | I11 | 20% | | 0,0% |
| Долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД | I12 | 20% | | 0,0% |
| Долгорочни обврзници и други долгорочни хартии од вредност чиј издавач е странски правен субјект од земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД | I13 | | | 0,0% |
| Акции чиј издавач е странско акционерско друштво со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земјите членки на ЕУ или земјите членки на ОЕЦД | I14 | | | 0,0% |
| Удели на инвестициски фондови со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во земја членка на ЕУ или земја членка на ОЕЦД | I15 | | | 0,0% |
| Аванси | I16 | 20% од м.р. | | 0,0% |
| **Вложувања кои не се предвидени со Правилникот** | **II** | | | **0,0%** |

| Ставка | Број | Износ |
|---|---|---|
| | | 4 |
| Вкупно доволени вложувања на средства кои ја покриваат математичката резерва | III | 0 |
| Вкупно математичка резерва | IV | |
| Разлика (IV-III) | V | 0 |

**ПРИЛОГ 2**

**УПАТСТВО**

**ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА**

## 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА КОИ ГИ ПОКРИВААТ ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ (ОБРАЗЕЦ ВТР)

Образецот ВТР го пополнуваат сите друштва за осигурување.

Друштвото за осигурување има обврска да ги пополни сите полиња за I и II во колоната 2 со износите за реализираните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви (без математичката резерва) или со нули во категориите во кои нема вложувања.

Друштвото за осигурување има обврска да ги пополни сите полиња за I и II во колоната 3 со износите за реализирани вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва или со нули во категориите во кои нема вложувања. Во електронската верзија на образецот, оваа колона се пополнува автоматски после пополнувањето на образецот ВМР, односно соодветните обрасци ВМР проследени со нумерички број (ВТР-1, ВТР-2 итн.) во случај кога друштвото за осигурување формира неколку фондови на средства кои ја покриваат математичката резерва.

Друштвото за осигурување има обврска да ги пополни сите полиња за I и II во колоната 4 со износите за реализираните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви. Во електронската верзија на образецот, оваа колона се пополнува автоматски како збир на редовите во колоните 2 и 3.

Друштвото за осигурување има обврска да ги пополни сите полиња за I и II во колоната 5 со релативните показатели за износите за реализираните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви. Во електронската верзија на образецот, оваа колона се пополнува автоматски, после пополнувањето на колоната 6.

Друштвото за осигурување има обврска да го пополни полето за III во колоната 6 со вкупниот износ на дозволените вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви. Во електронската верзија на образецот, оваа колона се пополнува автоматски, како збир на редовите во колоната 4.

Друштвото за осигурување има обврска да ги пополни сите полиња за IV во колоната 6 со нето износите на техничките резерви. Во електронската верзија на образецот, полето IV6 во колоната 6 се пополнува автоматски после пополнувањето на образецот ВМР, односно соодветните обрасци ВМР проследени со нумерички број (ВМР-1, ВМР-2 итн.) во случај кога друштвото за осигурување формира неколку фондови на средства кои ја покриваат математичката резерва.

Друштвото за осигурување има обврска да го пополни полето за V во колоната 6 со износот на разликата помеѓу вкупниот износ на дозволените вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви и вкупните нето технички резерви. Во електронската верзија на образецот, оваа колона се пополнува автоматски.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА КОИ ЈА ПОКРИВААТ МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА (ОБРАЗЕЦ ВМР)

Образецот ВМР го пополнуваат сите друштва за осигурување кои издвојуваат математичка резерва согласно Законот.

Во случај кога друштвото за осигурување формира неколку фондови на средства кои ја покриваат математичката резерва, друштвото за осигурување има обврска да ја пополни посебни Обрасци ВМР за секој фонд одделно, со тоа што секој образец ВМР ќе биде проследен со нумерички број (ВТР-1, ВТР-2 итн.). Оваа функционалност е обезбедена кај електронската верзија на образецот.

Друштвото за осигурување има обврска да ги пополни сите полиња за I и II во колоната 2 со износите за реализираните вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва или со нули во категориите во кои нема вложувања.

Друштвото за осигурување има обврска да ги пополни сите полиња за I и II во колоната 3 со релативните показатели за износите за реализираните вложувања на средствата кои ја покриваат математичката резерва. Во електронската верзија на образецот, оваа колона се пополнува автоматски, после пополнувањето на колоната 4.

Друштвото за осигурување има обврска да го пополни полето за III во колоната 4 со вкупниот износ на дозволените вложување на средствата кои ја покриваат математичката резерва. Во електронската верзија на образецот, оваа колона се пополнува автоматски, како збир на редовите во колоната 2.

Друштвото за осигурување има обврска да го пополни полето за IV во колоната 4 со нето износот на математичката резерва. Ова околу терминот дали да биде нето износ на МР или вкупниот износ на МР.

Друштвото за осигурување има обврска да го пополни полето за V во колоната 4 со износот на разликата помеѓу вкупниот износ на дозволените вложување на средствата кои ја покриваат математичката резерва и вкупниот износ на математичката резерва. Во електронската верзија на образецот, оваа колона се пополнува автоматски.